


ВМРО-ДПМНЕ денеска упати отворено писмо од оснивачи на партијата по повод коалицијата на Бранко Црвенковски и Љубчо Георгиевски.

Во писмото се наведува:

„Како луѓе кои целиот живот го посветија на идеите за ВМРО и Македонија, но и како чесни граѓани, како родители, како патриоти кој ја сакаат државата и кои не го носат товарот на дневната политика и со искрена желба да биде слушнат нашиот збор како оснивачи на ВМРО-ДПМНЕ, сакаме да истакнеме дека здружувањето на Бранко Црвенковски и Љубчо Георгиевски е настан кој овозможува прочистување, разјаснување на многу недоумици кој нашиот народ и ние како основачи ги имавме низ годините.

Викаат дека човек пријателот сам го одбира, тој е огледало на сопствените размисли, особини и светогледи. Двајца луѓе се пријатели затоа што си одговараат во карактерите, така е и со Љубчо и Бранко. Овие пријатели, едниот со товарот на транзицијата, приватизацијата, шверцот и криминалот, а другиот со погрешна перцепција за историјата и постоење на сопствениот народ и држава, со нивната љубов за власта и парите, се едно исто-пријатели во коалиција за власт и пари.

Но, ова нивно официјално спојување е неповторлива можност да се добие јасна слика за многу работи.

Прво, со нивното здружување секој врмовец треба да се замисли зошто Љубчо ја

рушеше владата на Никола Кљусев? Зошто Љубчо Георгиевски не формираше коалиција со албанска партија и со тоа не се формираше стабилна влада? Зошто Љубчо на тацна му го подари управувањето со државата на Бранко Црвенковски, иако народот не одлучи така на избори?

Второ, зошто во 1994 година Љубчо бојкотираше и не влезе во парламентот и ги остави СДСМ да ја реализираат мрачната приватизација, шверцот и разграбувањето на Македонија? Зошто Љубчо го бранеше криминалот на Бранко во деведесеттите?

Трето, зошто 15 години ВМРО-ДПМНЕ беше марионета со која СДСМ мошне лесно се справуваше?

Четврто, зошто Георгиевски прифати да биде потпретседател на Претседателот Глигоров, прифаќајќи измислена функција наменета да ја канализира патриотската енергија која пулсираше во Македонија, истата онаа која според кажувањата на сите во тоа време му донесе изненадувачка висока поддршка на ВМРО-ДПМНЕ?

Зошто дозволи  патриотизмот да се изгнаси со криминалот на Бранко?

Петто, зошто Љубчо толку лесно и без поголем личен отпор се согласи со Бранко за промената на знамето, името, Уставот?

